Врз основа на член 136 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15 и 17/2016) и член 14 од Статутот на Лекарската комора на Македонија ( “Службен весник на Република Македонија ” бр. 24/95 ,30/95, 22/96 и 36/00), Собранието на Лекарската комора на Македонија на седницата одржана на 10.11.2016год, 17.11.2016 год и 23.02.2017 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината (во понатамошниот текст : доктор на медицина).

Член 2

Трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа на докторите на медицина се утврдуваат во зависност од реалните административни трошоци кои се состојат од трошоци за работа на членовите на работните тела, административните работници на Комората и стручните лица ангажирани како надворешни соработници и материјални трошоци за набавка на хартија, обрасци и друг канцelariски материјал, печатење и изработка на лиценца и тоа за:

1.Трошоците за издавање на лиценца за работа на доктор на медицина за примарна здравствена заштита, времена лиценца како постар специјализант и специјалистичка/супспецијалистичка лиценца, се надоместуваат во износ кој еднократно се плаќа и неговата висина изнесува **1.500, 00 ден**.

2.Трошоците за издавање на лиценца на доктор на медицина на странски државјани се надоместуваат во износ кој еднократно се плаќа и тоа :
- за првата година **60.000,00ден**
- продолжување за секоја наредна година **30.000,00ден**

3.Трошоците за продолжување на лиценца на доктор на медицина се надоместуваат во износ кој еднократно се плаќа и неговата висина изнесува **2.600,00 ден.**

4.Трошоците за обновување на лиценцата за работа на докторите на медицина се надоместуваат во износ кој се плаќа еднократно на секои седум години и неговата висина изнесува **840,00 ден.**

5.Трошоците за замена на образецот на лиценца во случај кога е оштетена или изгубена се надоместуваат во износ кој еднократно се плаќа и неговата висина изнесува **600,00 ден.**

Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на утврдување на трошоците за спроведување на постапките за издавање, продолжување и обновување на лиценците („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/09)

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласноста од министерот за здравство.

Бр.02 - 3969/11
01.03.2017год.
С к о п ј е

Претседател на
Лекарска комора на Македонија
Проф. д-р Кочо Чакаларoски